РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Комитет за следење на ИПАРД***

# Записник Бр. 6

## Записник од шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

28 мај, 2010 / Клуб на пратеници, Скопје

Арх. бр. 02 - 10841/1

Датум: 21.12, 2010

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Комитет за следење на ИПАРД***

# Записник Бр. 6

## Записник од шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

28 мај, 2010 / Клуб на пратеници, Скопје

Арх. бр. 02 - 10841/4

Датум: 21.12, 2010

Скопје

## I. ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

**Претседател на Комитетот за следење на ИПАРД**, м-р Перица Иваноски, Заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)

**Секретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД:** Раководител на Тело за управување со ИПАРД (ТУ), м-р Маргарита Делева – Државен советник за рурален развој и Секретар на Комитетот за следење на ИПАРД, г-ца Василка Тамбуркова, Виш соработник за следење на спроведување на ИПАРД фондовите и известување

**Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД и нивни заменици:**

1. Г-ѓа Валентина Стојановиќ, Шеф на кабинет, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
2. Г-дин Живко Брајковски, Раководител на сектор за европски интеграции, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
3. Г-дин Абдилгафар Синани, Раководител на сектор за земјоделство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
4. Г-ѓа Снежана Герасимова Матевска , Министерство за култура
5. Г-дин Јордан Кузмановски, Директор, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството,
6. Г-дин Љубиша Николовски, Раководител на сектор, Координација и институционална поддршка, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија,
7. Г-дин Зоран Даневски, Претседател на Агробизнис комора
8. Г-дин Сашо Ристевски, Секретар, Македонска Асоцијација на Преработувачи,
9. Г-дин Ѓоко Данаилов, Претседател, Федерација на Фармери во Република Македонија,
10. Г-дин Вељо Тантаров, Претседател, Сојуз на земјоделците на Македонија,
11. Г-ѓа Стојмирка Тасева, Стопанска Комора на Р.М
12. Г-ѓа Наташа Вртеска, Правен Советник, Заедница на единиците на локалната самоуправа,
13. Г-дин Петар Андонов, Потпретседател, Движење на екологистите на Македонија,
14. Г-ѓа Олга Стоименова, Претседател, Здружение на жени земјоделки „Агро-Винка“, Виница,
15. Г-дин Ѓорѓи Кочовски, Претседател, Комора на занаетчии на Република Македонија,

16. Г-ѓа Евгенија Серафимовска Кирковски, претставник на Националниот ИПА Координатор (НИПАК), Секретаријат за европски прашања, замена на г-дин Александар Николовски,

**Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:**

1. Г-дин Жерард Кили, Раководител на Г4, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),
2. Г-ца Андреа Грајнер, Одговорен службеник за земјата кандидат, одделение Г.4., Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),
3. Г-дин Вернер Шисел, Претставник од Европска Комисија
4. Г-дин Џон Баркер, Програмски менаџер, Делегација на Европска Комисија во Република Македонија.

**Претставници на ИПАРД структурата:**

**1. Претставници од НАО и НФ :**

- Г-ѓа Александра Симјановска, Раководител на одделение, Министерство за финансии,

**2. Претставници од Тело за Управување:**

- Г-дин Виктор Младеновски, Виш соработник, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување,
- Г-дин Александар Митревски, Виш соработник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови,
- Г-дин Стојан Гацов, Советник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови,
- Г-дин Игор Трошански, Советник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови.

**3. Претставници од Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР):**

- Г-дин Тони Димовски, Директор на ИПАРД Агенција
- Г-ѓа Маја Брајовиќ, Раководител на сектор за внатрешна ревизија,
- Г-дин Слободан Димитровски, в.д. Раководител на сметководство,

*Листа на проверка на присутност на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во **Прилог 1** од овој Записник.*

*Листа на набљудувачи е прикажана во **Прилог 2** од овој документ.*

*Коментарите дадени од ЕК за предлог записникот и одговорите дадени од Секретаријатот на Комитетот за следење на ИПАРД се ставени во* ***Прилог 3*** *од овој документ.*

***Резултати: Претседателот на Комитетот и 16 членови и нивни заменици со право на глас (од вкупно 21 член со право на глас) учествуваа на состанокот. Со тоа се постигна кворум за донесување на соодветните одлуки.***

## II. ДНЕВЕН РЕД

Предложениот Дневен ред за овој состанок е прикажан во **Прилог 4** од овој документ.

## III. РЕЗУЛТАТИ ОД СОСТАНОКОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:

### *1. Во врска со точка 1 од дневниот ред: "Отварање на состанокот"*

Состанокот го отвори Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД, посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот и на претставниците од Европската Комисија (ЕК).

Во врска со редовното следење на присуството на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД, се постигна согланост за следново:

**Заклучок бр 1**:

Се задолжува Телото за управување со ИПАРД редовно да го ажурира присуството на членовите и набљудувачите и доколку се утврди нередовност на членовите и набљудувачите, да се превземат соодветни активности согласно Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД.

### *2. Во врска со точка 2 од дневниот ред: "Одобрување на предлог Дневниот ред за шестти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД"*

Претседателот се осврна на предлог Дневниот ред на состанокот и отвори дискусија по однос на предложените точки од истиот.

Г-ѓа Делева предложи да се вклучи дополнителна точка 14 со презентација за формирањето на Националната рурална мрежа на Република Македонија, за да се информираат учесниците за новите настани.

Понатаму, во согласност со Претседателот-ѓа Делева предложи точките 10 и 11 да следат после точката 6 од Предлог Дневниот ред.

Во отсуство на други забелешки, Претседателот ја усвои следнава одлука:

***Одлука бр.1***

Комитетот за следење на ИПАРД го одобри предлог дневниот ред на Шесттиот состанок на Комитет за следење на ИПАРД, со вклучени измени по предлог на присутните членови

*Финалниот Дневен ред е прикажан во* ***Анекс 1.***

***3. Во врска со точка 3 од дневниот ред:"Усвојување на Записникот од претходниот (петтиот) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 05 ноември, 2009 година )"***

Претседателот информираше дека предлог Записникот од 5-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 5 ноември , 2009 година, е навремено доставен до сите членови на Комитетот и до претставниците на ЕК. Тој објасни дека од страна на ЕК беа добиени коментари и се ставени во предлог записникот

Претседателот, подобрениот предлог Записник од 5-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД заедно со придружните материјали, го стави на усвојување на тековниот состанок.

Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следнава:

***Одлука бр.2***

Комитетот за следење на ИПАРД го одобри предлог Записникот од петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 5 ноември, 2009 год., вклучувајќи ги измените предложени од претставниците на Европска Комисија.

*Усвоениот Записник е прикажан во* ***Анекс 2.***

***4. Во врска со точка 4 од дневниот ред:"Предлог за измени на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД"***

Г-ца Грајнер информираше дека освен предложените измени во Деловникот за работа на Комитетот од страна на ТУ, измените треба да го вклучат и предлогот од ЕК кој се однесува на мандадот на Претседателот да ја одобри секоја активност од Акциониот план за спроведување на Техничката мерка

(Член 7 (1.к)) во согласност со последните измени на ИПА Имплементирачката Регулатива.

Г-ѓа Делева, детално ги информираше членовите за техничките и процедуралните измени на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД. Матрицата за втората модификација на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД е дел од придружните материјали во врска со точка 4 од Дневниот ред.

Понатаму, г-ѓа Делева потврди дека се примени предлозите од ЕК за дополнителни измени на Деловникот за работа, поднесени на 25 мај 2010, и се согласи со предложеното појаснувајќи дека измената на Член 14, точка 2 е веќе така направена во усвоениот Деловник за работа.

Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следнава:

***Одлука бр.3***

Комитетот за следење на ИПАРД ги одобри предложените измени на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД вклучително и предложените измени од претставниците на Европска Комисија.

*Усвоениот Деловник за работа е прикажан во* ***Annex 3****.*

***5. Во врска со точка 5 од дневниот ред:"Извештај на Телото за управување со ИПАРД за реализација на Одлуките донесени на 5-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, (одржан на 5 ноември , 2009 година)***

Г-ѓа Делева информираше за напредокот во спроведувањето на Одлуките донесени на 5-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 5 ноември , 2009 година.

Во однос на Заклучокот бр 4, г-дин Димовски, информираше дека ИПАРД Агенцијата остварила средба со Комерцијалните Банки и во однос на Деловните планови кои се разгледуваат од Банките при евалуација на потенцијалните корисници на кредити и Деловните планови што ги работи ИПАРД Агенцијата како примерок на Деловен план, се усогласени и со тоа не постои можност за дуплирање на трошоци во однос на подготвување на два вида на Деловни планови. Г-дин Димовски информирше дека во консултации со колегите од Брисел, ИПАРД Агенцијата согласно процедурите кои се акредитирани нема можност средствата од кофинансирање да ги префрли на сметка кое ги бара Банката, туку Банката директно во договорот што ќе го склучи со потенцијалниот корисник на кредит да прецизира дека на конто на

крајниот корисник ќе се префрлат средствата, со што и Банката би била заштитена и ќе има контрола во однос на пласираните средства по основ на кредит на конкретниот апликант.

Во врска со слабиот напредок во имплементацијата на Заклучокот број 5 од Петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, претседателот предложи понатамошен заклучок:

**Заклучок бр 2:**

Се задолжува Телото за управување со ИПАРД да предложи членови за три работни групи за следење на спроведувањето на ИПАРД Програмата преку вклучување на претставници на потенцијалните корисници, претставници од јавните образовни и научни институции и во рок од 15 работни дена да ги поднесе нивните назначувања до Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД.

Во врска со слабиот напредок во имплементацијата на Заклучокот број 6 од Петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, претседателот предложи понатамошни активности преку задолжување на Телото за управување со ИПАРД да подготви и предложи тригодишна Програма за рурален развој во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој до крајот на годината како стратешка рамка за програмирање на ИПАРД мерки и соодветни мерки од националната програма за рурален развој.

Г-ца Грајнер побара нацрт програмата информативно да се достави и до ЕК.

Г-дин Ристевски предложи за програмата да се информираат потенцијалните корисници со цел подигнување на јавната свест за следните можности за ко-финансирање од ИПАРД Програмата.

Г-н Шисел даде препорака мерките „Унапредување и развој на рурална инфраструктура“ и „Унапредување на стручна обука“ да бидат приоритет во 2011, а мерките „Подготовка и спроведување на стратегии за локален рурален развој (ЛИДЕР)“ и „Активности за унапредување на природата и животната средина“ во 2012. Тој воедно, посочи дека програмирање во 2013 е веќе доцна во однос на вклучување на нови мерки во ИПАРД Програмата.

Земајќи ја во предвид дискусијата, претседателот го донесе следниов заклучок:

**Заклучок бр. 3:**

Се задолжува Телото за управување со ИПАРД до крајот на годината да подготви тригодишна Програма за рурален развој во согласност со Законот за

земјоделство и рурален развој, кој ќе служи како стратешка рамка за програмирање на дополнителни мерки од ИПАРД Програмата и мерки од националната програма за рурален развој. Програмата треба да се достави до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД и до Европска Комисија за информирање

*Целосниот извештај е прикажан во* ***Анекс 4***.

***6. Во врска со точка 6 од дневниот ред:"Извештај за процесот на акредитација и преносот на правото за управување со ИПАРД фондовите на ИПАРД структурата од Европска Комисија"***

Г-ѓа Симјановска информираше за правото на добивање на акредитација на ИПАРД структурите, кои започна со Ревизорска мисија која се одржа во периодот од 7-17 септември од страна на Ревизорите од ЕК од Генералниот Директорат за земјоделство и рурален развој. Во двонеделната мисија од страна на Ревизорите на ЕК беа поминати процедурите на ИПАРД структурите и беа одредени капацитетите на вработените. Финалниот пакет од страна на Национален Службеник за Авторизација (НАО) беше доставен во октомври 2009 и во декември 2009 од страна на ЕК беше издадена акредитацијата. Г-ѓа Симјановска информираше и за подготовката на ИПАРД структурите за реализирање на нова мерка – мерка 505 за техничка помош, од која ќе се организираат сите активности за публицитет (организирање на обуки, семинари,) активности поврзани со подготовка на нови мерки,активности поврзани со подготовка за организирање на Комитет за следење на ИПАРД. Во однос на реализација за мерката 505. Г-ѓа Симјановска информираше дека се завршени внатрешните процедури за работа и истите се доставени до ЕК на разгледување Г-ѓа Г-ѓа Симјановска информираше дека акредитациониот пакет за оваа мерка ќе биде доставен до ЕК втората половина на 2010 год. некаде во ноември. Г-ѓа Симјановска информираше и за првите три мерки од ИПАРД Програмата во кој истакна дека е потпишан повеќегодишен финансискиот договор на 14 април, кој изнесува 31,5 милиони евра и ги опфаќа алокациите 30% од првите три години 2007, 2008 и 2009 и истакна дека на овие средства ќе бидат додадени средства за национално кофинансирање.Во однос на овој договор НАО испратил апликација за префрлање на овие средства до ЕК на 07 мај, во којшто бараме да ни бидат префрлени средства за предфинансирање во износ од 5,7 милиони евра и од овие средства ќе бидат финансирани договорите кои Агенцијата ќе ги склучува во првиот повик.Во втората половина на 2010 година Г-ѓа Симјановска информираше НАО ќе го достави и второто барање во втората половина на 2010 год.

Г-ѓа Симјановска, информираше за капацитетите во ИПАРД структурите истакна дека во НАО бројот на вработени е 9 , во Телото за управување со ИПАРД бројот на вработени е намален од 13 на 9 и во ИПАРД Агенцијата бројот на вработени е 89. Поради реализација на новата мерка за техничка помош и подготовка на нови мерки информирана е Владата за намалувањето на кадрите во ИПАРД структурите и донесена е одлука на Влада за одобрување на нови вработувања.

**Заклучок бр.4**

Се задолжува Националниот Координатор за авторизација редовно да ја информира Европската Комисија за бројната состојба на човечките ресурси во ИПАРД Оперативна структура, со цел да се обезбеди следливост на почитувањето на акредитационите критериуми.

*Презентацијата на НАО е прикажана во* ***Анекс 5***.

***7. Во врска со точка 7 од дневниот ред: "Извештај за резултатите постигнати од првиот реализиран оглас за искористување на помошта од ИПАРД средствата објавен на 23 декември, 2009 година."***

Г-дин Димовски информираше за резултатите постигнати од првиот јавен оглас за доделување на средства од инструментот за претпристапна помош на ЕУ за компонентата V – ИПАРД. Информираше дека првиот јавен повик беше објавен 23 декември 2009 год. кои требаше да трае до 22 февруари 2010 год., меѓутоа по барање на потенцијалните корисници јавниот повик се пролонгира до 17 март 2010год. Тој исто така извести за проблемите воочени при обработка на добиените барања, вклучително и за проблемите со документацијата која ја издаваат техничките тела во рамките на националните институции и органи.

Г-ѓа Грајнер, побара од страна на Директорот на ИПАРД Агенцијата презентацијата да биде испратена во прилог на записникот до претставниците на ЕК.

Во врска со истакнатите проблеми за придружната документација која ја издаваат државните институции, г-ѓа Матевска истакна дека Министерство за култура се соочило со повеќе проблеми при издавање на бараните документи земајќи ја во предвид временската рамка на законската процедура поврзана со заштита на културното наследство. Таа понатаму додаде дека Министерството за култура издава конзерваторски мислења само за заштитеното културно наследство и дополнителни документи треба да се формулираат а кои не се наведени во Законот за заштита на културно наследство.

Г-ѓа Делева појасни дека условот во Програмата е ставен на барање на Министерство за култура за време на меѓуресорските консултации и понатаму го праша претставникот од Министерството за култура да достави понатамошни сугестии за надминување на овој проблем особено земајќи во предвид дека ИПАРД Програмата е предмет на трета модификација. Дополнително таа појасни дека Владата усвои Уредба за спроведување на ИПАРД Програмата како основа за сите придружни документи и улогата на техничките тела како и дека Министерство за култура има потпишано Меморандум за соработка со ИПАРД Агенцијата со што е обезбедена законска основа.

**Забелешка:** Заеднички состанок помеѓу ИПАРД Оперативната структура и претставници на Министерството за култура треба да се одржи за разгледување на ова отворено прашање.

Г-дин Кили ја истакна улогата на Советодавните услуги во поддршката на потенцијалните корисници во процесот на аплицирање и даде препорака Владата да вложи дополнителен напор за понатамошна едукација на советниците од АПРЗ заради зголемување на нивната улога и капацитет за обезбедување на поддршка на потенцијалните корисници кои аплицираат за ИПАРД фондовите.

Во оваа насока, г-дин Грум додаде дека МААС Проектот може да понуди поддршка на Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата во однос на организирањето обуки за зголемување на стручноста на советодавните агенции, што всушност е и дел од мандатот на Проектот.

Земајќи ја предвид дискусијата, претседателот го донесе следниот заклучок:

**Заклучок бр.5**

Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделство и рурален развој, Телото за управување со ИПАРД и Агенцијата за поттикнување на развојот за земјоделството, да ги анализираат причините кои довеле до одбивање на апликантите по првиот јавен повик, за да го унапредат процесот и да обезбедат поддршка за потенцијалните корисници за планираниот втор јавен повик за користење на средства од ИПАРД фондовите

**Заклучок бр.6**

Се задолжува Телото за управување со ИПАРД и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделство и рурален развој, да ја информираат Европската Комисија (Генерален Директорат за земјоделство и рурален развој) за планираниот датум на објавување на вториот јавен повик за користење на

средства од ИПАРД фондовите.

**Заклучок бр.7**

Се задолжува Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството до Комитетот за следење на ИПАРД, редовно да доставува извештаи за напредокот и активностите во однос на стручната обука на земјоделците, напредокот во јакнење на сопствената структура, како и за обуките поддржани од националниот буџет или од други донаторски проекти. Во извештајот треба да бидат вклучени активностите реализирани во насока на разјаснување на проблемите кои произлегуваат од првиот оглас за користење на ИПАРД средства и кои, доколку е потребно ќе бидат предмет на Третата модификација на ИПАРД Програмата

**Заклучок бр.8**

Се задолжува Телото за управување со ИПАРД во рок од 15 работни денови да изготви извештај до Владата на РМ за проблемите со кои се соочиле апликантите во текот на првиот јавен повик на ИПАРД Програмата коишто се во надлежност на други владини институции и тела и да предложи решенија за надминување на наведените проблеми.

*Презентацијата на ИПАРД Агенцијата е вклучена во* ***Анекс 6.***

***8. Во врска со точка 8 од дневниот ред:"Презентација/дискусија за предлози за трета модификација на ИПАРД Програмата и нивно одобрување на состанокот"***

Претседателот даде преглед на предлозите за трета модификација на ИПАРД Програмата подготвени од страна на Телото за управување со ИПАРД и отвори дискусија на оваа тема.

Г-дин Даневски ги презентираше предлозите од страна на Агро бизнис комора за модификација на ИПАРД Програмата, појаснувајќи дека предлогот бил испратен до Телото за управување со ИПАРД на денот на одржување на Комитетот за следење на ИПАРД заради должината на внатрешните процедури во Комората за консултирање на членовите.

Г-дин Шаклев наведе дека од страна на Асоцијацијата на земјоделци до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, доставен е предлог за изменување на ИПАРД Програмата. Тој, воедно, потсети на проблемите поврзани со легализацијата на постоечките објекти (сточните фарми) кои

оневозможуваат голем број земјоделци да бидат потенцијални корисници за инвестиции по ИПАРД Програмата. Тој предложи да се одложи вториот повик за користење на средства од ИПАРД Програмата се до конечното разрешување на проблемот со легализација на постоечките објекти на национлано ниво.

Г-дин Тантаров предложи да се исклучи критериумот според кој се бара сите долгови кон МЗШВ да се подмирени пред аплицирање за средства од ИПАРД, како што Владата веќе овозможи, со другите Програми за финансиска поддршка како дел од пакетот со анти-кризни мерки.

Земајќи ги предвид дискусиите, Претседателот го усвои следново:.

**Одлука бр.4.**

Комитетот за следење на ИПАРД, имајќи ги предвид тековните консултации со Европската комисија за техничко подобрување на ИПАРД Програмата, го овласти претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД да ги превземе сите активности во насока на усвојување на третата модификација на ИПАРД Програмата од Европската Комисија.

Понатаму, Претседателот го усвои следново :

**Заклучок бр.9**

Се задолжуваат сите членови на Комитетот за следење на ИПАРД да ги достават нивните предлози за модификација на ИПАРД Програмата во писмена форма во рок од 15 работни денови до Телото за управување со ИПАРД, вклучувајќи во прилог соодветни докази и анализи за предлогот. Предлозите ќе бидат разгледани од работната група/мерка заради нивно вклучување во предлогот за модификација на ИПАРД Програмата

***9.Во врска со точка 9 од дневниот ред: "Информација за потпишување на Повеќегодишната спогодба за финансирање 2007-2010 година за ИПА компонента V – Рурален развој и информација за усвојување на МИПД 2010-2012" и точка 10 од дневниот ред Координација со Комитетот за следење на ИПА, информација од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПА, одржан на 25 ноември, 2009 година и процесот на спроведување на одлуките кои се донесени на состанокот***

Г-ѓа Серафимовска Кирковски даде кус осврт на активностите на НИПАК потенцирајќи го склучувањето на Повеќегодишната финансиска спогодба 2007-2010 помеѓу Европската Комисија и земјата корисник, која стапи во сила на 12 април 2010. Понатаму, г-ѓа Серафимовска Кирковски информираше за

резултатите од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПА, кој се одржа на 25 ноември 2009 год. Во оваа насока таа го изнесе заклучокот дека преку Комитетот за следење на ИПА е невозможно реалното следење на сите 5 компоненти, се додека сите 5 компоненти не добијат акредитација односно не се формално правно покриени со Одлука на Комисијата за пренос на правото на управување, што ќе и овозможи на структурата за следење да ја извршува својата функција на следење на спроведувањето на програмите од секоја ИПА компонента. Таа додаде дека во овој момент само ИПА компонентите 3, 4 и 5 се акредитирани. Г-ѓа Серафимовска Кирковски информираше дека Записникот од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПА ќе биде усвоен на наредниот трет состанок на Комитетот за следење ИПА, кој се очекува да се одржи по добивањето на извештајот на Европската Комисија за напредокот на земјата во пристапувањето во ЕУ.

Г-ѓа Серафимовска Кирковски даде дополнителни информации за Повеќегодишниот индикативен планирачки документ 2011-2013, потенцирајќи го новиот тренд на поттикнување на сопственост на документот од страна на земјата корисник. Притоа ЕК бара од воспоставените национални програмски структури да подготват стратешка рамка. Таа ги потенцираше и кусите рокови, информирајќи дека нацрт документот се планира да се достави на 25 јуни 2010, и да се одобри на состанокот на Комитетот за следење на ИПА, планиран за крајот на септември, 2010. Г-ѓа Серафимовска Кирковски уште еднаш ја истакна потребата за соработка на НИПАК со сите оперативни структури при подготовката на овој документ.

Без дополнителни коментари, Претседателот го усвои следниов:

**Заклучок бр.10**

Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за Повеќегодишната финансиска спогодба 2007-2010, за Повеќегодишниот индикативен планирачки документ 2011-2013 и за одлуките донесени на вториот состанок на Комитетот за следење на ИПА.

*Извештај за НИПАК за Повеќегодишната спогодба за финансирање 2007-2013 е прикажан во* ***Анекс 7.***

***10. Во врска со точка 11 од дневниот ред:"Информација за напредокот во воспоставување на системот за следење и проценка на ИПАРД Програмата".***

Г-дин Младеновски информираше за напредокот во врска со системот за следење на спроведувањето на ИПАРД Програмата.Тој информираше дека од страна на ИПАРД Агенцијата се доставени првите месечни податоци за следење во врска со првиот јавен повик за користење на средства од ИПАРД фондовите, согласно со одредбите од Имплементирачкиот договор помеѓу Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата. Г-дин Младеновски истакна дека во досегашниот период воспоставениот систем за следење на ИПАРД Програмата овозможува ефикасна размена на податоци помеѓу Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата. Пред првата размената на податоци системот за следење беше тестиран преку следење на спроведувањето на Националната програма за рурален развој за 2009 година.

Понатаму, тој информираше дека ТУ започна процес за прибирање на податоци кои не се во доменот на ИПАРД Агенцијата, како Државен завод за статистика, Народна Банка, и други владини и невладини институции, а кои се неопходни за следење на ИПАРД Програмата. Г-дин Младеновски појасни дека овие податоци ќе се користат за подготовка на Годишен извештај за спроведување на ИПАРД Програмата.

Во продолжение, г-дин Митревски го презентираше напредокот во воспоставување на системот за проценка на ИПАРД Програмата. Тој информираше дека со поддршка КАРДС 2006 СИП Проектот, подготвени се Стратегијата за проценка на ИПАРД Програмата и предлог Опис на задачи (ТоР) за ангажирање на независен проценител.

Г-дин Шисел даде препорака за подготвување на два посебни договора за ангажирање на два независни проценители. Еден договор врз основа на повеќегодишен пристап кој ќе го покрие целиот период на времетраење на ИПАРД програмата, а друг договор за последователната проценка планирана за 2015год.

Без дополнителни коментари, Претседателот ја усвои следаниов:

**Заклучок бр.12**

Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за напредокот во воспоставување и спроведување на системот за следење и тековна проценка на ИПАРД Програмата .

По предлог од Комисијата се предвидува ангажирање на две независни проценки за спроведување на тековна проценка и претходна проценка на ИПАРД Програмата одделно.



ВБ

*Извештај во воспоставување на системот за следење и проценка на ИПАРД Програмата е вклучен во* ***Анекс 8.***

***11. Во врска со точка 12 од дневниот ред: "Информација за процесот на подготовки за имплементација на мерката Техничка помош 505; Презентација и дискусија за Годишниот акционен план за активностите поврзани со Техничка помош за 2010 и негово одобрување на состанокот"***

Г-ѓа Делева информираше дека Телото за управување со ИПАРД заедно со ИПАРД Агенцијата финализираа сет од прирачници и процедури за Техничка помош за национална акредитација. Таа исто така информираше дека моментно поддршката за Техничка помош се реализира преку преку СИП Проектот (КАРДС 2006). Понатаму, се реализираше студиско патување во Романија на кое присуствуваа 10 претставници само од ИПАРД Агенција бидејќи ИПАРД ТУ нема капацитет за спроведување на мерка Техничка помош во моментот. Дополнително, г-ѓа Делева ги информираше членовите на Комитетот за следење на ИПАРД за технички преговори со ревизорите од Генералниот Директорат за земјоделство и рурален развој планирани да се одржат на 31 мај и 1 јуни, за разјаснување на определени отворени теми и прашања во врска со националната акредитација на мерката Техничка помош.

Г-дин Баркер го потврди ангажманот за техничка помош преку СИП Проектот во врска со подготвителните активности за национална акредитација на Мерка 501 и изрази длабока загриженост за тековните процеси доколку не постои капацитет на Техничката Помош за спроведување на поддршка во однос на Техничката Помош преку ИПАРД Програмата.

Г-ѓа Делева се согласи со забелешката за загриженост на претставникот на Делегацијата на Европската Комисија и изрази надеж за унапредување на состојбата, со оглед на фактот дека Владата одобри 6 нови вработувања. Сепак, МЗШВ треба што поскоро да побара одобрување од Министерство за финансии имајќи предвид дека обучувањето на кадрите за работа по ПРАГ процедурите е долг процес.

***12. Во врска со точка 13 од дневниот ред:"Информација за напредокот во активностите поврзани со Планот за Комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата за 2009 година"***

Г-ѓа Делева потврди дека во текот на првиот оглас Телото за управување со ИПАРД и АПРЗ беа фокусирани на обезбедување на помош за потенцијалните корисници при подготовка на нивните апликации. Таа додаде дека веб страна посветена на ИПАРД е веќе изработена и активирана и резултираше со 150-200

посети дневно. Г-ѓа Делева додаде дека подготовките за следниот повик по ИПАРД програмата се во тек и дополнителни семинари и инфо-денови ќе се одржат пред објавувањето на повикот.

Г-ѓа Грајнер информираше дека Планот за комуникации и публицитет ќе биде усогласен со одредбите од Мерката Техничка помош.

*13. Во врска со точка 14 од дневниот ред:"Разно"*

*14.1 Презентација за напредокот на НПАА и ТАИЕХ активности поврзани со ИПАРД Програмата кои се превземени во 2010 година*

*Г-ѓа Вета го презентираше напредокот на Националната Програма за усвојување на* правото на ЕУ (*НПАА) и ТАИЕХ активностите реализирани во 2010 година.*

*14.2 Презентација на активности спроведени од страна на СИП Проектот за поддршка за подготовка на ИПАРД Програмата*

Г-ѓа Шефер презентираше информација за напредокот на СИПП Проектот и за понатамошните планирања на активностикои треба да се реализираат до 2 ноември 2010, кога крајот на проектот завршува. Во однос на планираните активности, Ттаа ги истакна планираната поддршка во подготвителните активности за дополнителните мерки од ИПАРД програмата (на пр. „LEADER", како и составување на нацрт „Агро-еколошка програма" и „Код за добра земјоделска практика"). Во продолжение, беше појаснето дека „Кодот за добра земјоделска практика" ќе биде финализиран до крајот на идниот месец.

*14.3 Презентација/дискусија за проблемите околу достапност на земјоделските кредити(можноста, крајните корисници да користат средства од земјоделските кредити за кофинансирање на проектите по ИПАРД Програмата)*

Г-ѓа Печинска, информираше за целите на ЗКДФ, изворите на средствата на фондот, институционалната рамка, но како главна фокусна точка беа истакнати проблемите со кои што се соочуваат приватните и правните субјекти при подигнување на кредитите од ЗКДФ (вклучувајќи ги и земјоделските физички лица и правни субјекти). Г-ѓа Печинска наведе дека расположливите ресурси се доволни за поддршка на имплементирање на инвестицијата од ИПАРД Програмата. Како заклучок, Г-ѓа Печинска рече дека постоечките критериуми во ЗКДФ треба да се усогласат со критериумите за прифатливост од ИПАРД Програмата, капацитетот на фондот треба да се зголеми и комбинираните мерки ( пр. усвојување на законската регулатива која ќе овозможи воспоставување и постапки на финансиски институции од помал ранг како на пр.кредитни линии, зголемени капитални инвестиции за инфраструктура во рурални региони, Стратегија за регионален развој,Унапредување на правна и законска рамка во

неведувањето на сопственоста и регистрацијата, унапредување на ефикасноста на правниот систем и извршувањето, проширување на листата на ставки кои може да се сметаат за споредни, поттикнување на осигурување на насадите, развој на Кредитни агенции) треба да се имплементираат, што ќе овозможи поголема кредитна активност на банките во руралните подрачја.

*14.4 Презентација за воспоставување на Националната Рурална мрежа*

Г-дин Ѓорѓиевски, (Претседател на Националната Рурална мрежа), го презентираше напредокот во воспоставувањето на Мрежа за рурален развој, нејзината структура и цели. Како заклучок тој ги презентираше тековните и идните активности на мрежата за 2010 и стратешките цели за периодот 2010-2014.

*Презентација за напредокот на НПАА и ТАИЕХ активности поврзани со ИПАРД Програмата кои се превземени во 2010 година е вклучена во* ***Анекс 9***

*Презентација на напредокот на активности спроведени од страна на СИП Проектот за поддршка за подготовка на ИПАРД Програмата вклучена во* ***Анекс 10***

*Презентација/дискусија за проблемите околу достапност на земјоделските кредити(можноста, крајните корисници да користат средства од земјоделските кредити за кофинансирање на проектите по ИПАРД Програмата) вклучен во* ***Анекс 11***

*Презентација на мрежата за рурален развој вклучена во* ***Анекс 12***

**14. Во врска со точка 15 од дневниот ред: "Предлог Дневен ред за следниот (седмиот) состанок на Комитет за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за следниот состанок"**

Претседателот предложи следниот Комитет за следење на ИПАРД да се оддржи во ноември и го предложи Дневниот ред за следниот состанок.

Во отсуство на дополнителни коментари, Претседателот заклучи дека 6-от Состанок на Комитетот за следење на ИПАРД е завршен.

**ПОТПИСИ:**

| **ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:** | **ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ:** |
|---|---|
| м-р Перица Иваноски | м-р Маргарита Делева |
| Титула: Претседател | Титула: Раководител на Телото за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: 17/12/2010 |

# Листа за проверка на присутност на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД

| Бр. | Титула и име на членовите | Институција | Присутен "√" | Отсутен "√" | Претставник "√" | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | М-р Перица Иваноски, Претседател | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ | | | | | | | |
| 2. | Г-ѓа Валентина Стојановиќ | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 3. | Г-дин Живко Брајковски | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 4. | Г-дин Абдилгафар Синани | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 5. | Г-ѓа Славица Јакимовска | МЛС | | √ | | | 0 |
| 6. | Г-дин Александар Николовски | СЕП | | | √ | Г-ѓа Евгенија Серафимовска Кирковски | 0 |
| 7. | Г-ѓа Снежана Герасимова-Матеска | МК | √ | | | | 0 |
| 8. | Г-дин Илир Шабани | МЕ | | √ | | | 1 |

Прилог 1 – Листа на присутни _6-ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Г-ѓа Јадранка Иванова | МЖСПП | | √ | | | 1 |
| АГЕНЦИИ | | | | | | | |
| 10. | Г-дин Јордан Кузмановски | АПРЗ | √ | | | | 0 |
| 11. | Г-дин Љубиша Николовски | Агенција за поддршка на претприемништвото | √ | | | | 0 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | | |
| 12. | Г-ѓа Стојмирка Тасевска | Стопанска комора на Македонија | √ | | | | 1 |
| 13. | Г-дин Зоран Даневски | Сојуз на стопански комори | √ | | | | 0 |
| 14. | Г-дин Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | √ | | | | 1 |
| 15. | Г-дин Ѓоко Данаилов | Федерација на фармери на Македонија | √ | | | | 0 |
| 16. | Г-дин Вељо Тантаров | Сојуз на земјоделци на Македонија | √ | | | | |
| 17. | Г-ѓа Наташа Вртеска | Заедница на единиците на локалната самоуправа | √ | | | | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Проф. Д-р Драги Димитриевски | Факултет за земјоделски науки и храна | | √ | | | 0 |
| 19. | Г-дин Петар Андонов | Движење на екологистите на Македонија | √ | | | | 0 |
| 20. | Г-ѓа Олга Стоименова | Здружение на жени земјоделки Агровинка, Виница | √ | | | | 0 |
| 21. | Г-дин Ѓорѓи Кочовски | Комора на занаетчии | √ | | | | 0 |
| | ВКУПНО | 16 | | 4 | 1 | | |

Прилог 1 – Листа на присутни _6-ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

## Листа на набљудувачи на Комитетот за следење на ИПАРД:

### Претставници од државни институции:

1. Г-ѓа Билјана Костовска, Министерство за земјодество, шумарство и водостопанство, Мисија на Република Македонија при Европски Заедници,
2. Г-ѓа Лидија Чадиковска, Раководител на сектор за меѓународна соработка, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
3. Г-дин Ефимија Димовска, Земјоделски кредитен дисконтен фонд, Министерство за финансии
4. Г-ѓа Весна Илиевска, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството

### Претставници од економски партнери:

1. Г-дин Љупче Даниловски, Здружение за рурален развој, Кичево

### Претставници од социјални партнери:

1. Проф. Д-р Димче Китановски, Факултет за биотехнички науки, Битола,
2. Г-дин Ефтим Шаклев, Претседател, Асоцијација на земјоделци,
3. Г-дин Петар Глигоров, Претседател, Здружение на земјоделски училишта
4. Г-дин Михајло Николовски, Земјоделски институт

### Претставници од меѓународни финансиски институции, донатори и донаторски проекти:

1. Г-ѓа Биргит Шефер, Проект за поддршка на подготовка на ИПАРД во Република Македонија, финансиран од ЕУ,
2. Г-ѓа Лидија Фајдига, претставник од Германска техничка соработка (ГТЗ),
3. Г-дин Васко Хаџиевски, Аг-Биз, Агенција на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД)
4. Г-дин Џереми Грум – Тим лидер, МААСП 2
5. Г-ѓа Гордана Стефковска Велјановска – SNV
6. Г-дин Александар Николовски – ФАГРИКОМ

**Прилог 2 – Листа на набљудувачи на 6-ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

**Коментари на ЕК и Одговор на Секретаријатот во однос на Нацрт Записникот од 6$^{от}$ Состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 28 Мај 2010**

Како Секретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД, Ви благодариме за вашите ценети коментари, кои беа детално разгледани од наша страна и повеќето од нив се прифатени како во приложениот документ Draft_Minutes_6_MC-09072010 (AG + WS remarks July 2010)_MAcomm (2)'.

**Коментар на ЕК 1** : Во однос на насловот на точките, од Дневниот ред, Европската Комисија достави коментар да се вклучи целиот наслов на точката од Дневниот ред во записникот.

**Одговор на Секретаријатот 1**: Усвоен и вклучен во нацрт записникот

**Коментар на ЕК 2:** Во врска со точка 3 од Дневниот ред, Европска Комисија предложи да се појасни заклучокот бр. 3 *(цитат: „Со цел да се избегне погрешно толкување, Комисијата бара да се појасни Заклучокот бр. 3 од точка 7 (п.6) од Записникот од 5$^{от}$ Состанок на Комитеот за следење на ИПАРД. Дополнителни појаснувања на информацијата поврзана со „трансфер на плаќањата од ИПАРД фондовите на ИПАРД корисникот" беа обезбедени од ИПАРД Агенцијата под точка 5 од овој состанок. Претставникот од Комисијата ги информираше членовите на Комитетот за следење на ИПАРД за погрешната изјава (Заклучок бр.3) од точка 7 (п.6) дадена за време на претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД кој се однесува на предлогот за спогодба помеѓу ИПАРД Агенцијата и комерцијалните банки „за трансфер на плаќањата од ИПАРД фондовите на банките кои дале заеми за инвестиции на ИПАРД корисниците".* Оваа одредба ќе биде во спротивност со член 31(3) и член 38(8) од Секторската спогодба, според која "поврат на средствата ќе се врши на крајниот корисник"

***Одговор на Секретаријатот 2:*** Според аудио записот од 6от Комитет за следење на ИПАРД, Секретаријатот не најде било каква изјава во врска со горенаведеното од претставниците од ЕК, освен следново, изјавено од г-дин Шисел во однос на точка (цитирам) „ Јас имам само еден предлог да се избише зборот „Ревизори" во заклучокот, бидејќи не се разговараше со Ревизори, се разговараше со ЕК. ИПАРД Агенцијата имаше консултации со ревизорите од ЕК , со нас, а ние не сме Ревизори"

Со оглед на тоа што Секретаријатот не вклучува во Записникот изјави кои не се дадени на состанокот, предлагаме овие дополнителни коментари да се приложат кон Записникот заради евиденција

**Прилог 3 – Коментари на ЕК_Одговор на Секретаријатот на Нацрт Записник од 6-ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

**Коментар на ЕК 3:** Во врска со точка 6 од Дневниот ред, Европска Комисија имаше забелешка за датаумот на поднесување на акредитациониот пакет до НАО кој е после Мисијата на Ревизорите од ЕК за пренос на правото на управување со ИПАРД фондовите.

**Одговор на Секретаријатот 3**: Како што беше објаснето од НАО, пакетот е доставен во финална верзија на 10 Октомври 2009, по вклучувањето на коментарите од ревизорите од ЕК, дадени за време на мисијата за пренос на правото на управување, во септември 2009.

**Коментар на ЕК 4:** Во врска со точка 14 од Дневниот ред Европка Комисија побара дополнително појаснување на изразот „комбинирани мерки"

***Одговор на Секретаријатот 4:*** Секретаријатот побара дополнителни појаснувања од Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд и го прими следново: *цитат од г-ѓа Печинска, е маил: Комбинирани мерки се:*

*- усвојување на законската регулатива која ќе овозможи воспоставување и постапки на финансиски институции од помал ранг како на пр.кредитни линии.*

*- зголемени капитални инвестиции за инфраструктура во рурални региони*

- Стратегија за регионален развој

*- Унапредување на правна и законска рамка во неведувањето на сопственоста и регистрацијата*

*- унапредување на ефикасноста на правниот систем и извршувањето*

*- проширување на листата на ставки кои може да се сметаат за споредни*

*- поттикнување на осигурување на насадите*

*- развиј на Кредитни агенции*

## Предлог дневен ред
## За шестиот Комитет за следење на ИПАРД

Датум: 28 мај, 2010
Место: Клуб на пратеници, Скопје

| Бр. | Време | Тема | Презентирано од | Документи/Анекси |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 9:00 | Почеток на состанокот и поздравен говор; | Претседател | |
| 2. | 9:05 | Одобрување на предлог Дневниот ред за шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД; | Претседател | Предлог дневен ред за шестиот состанок |
| 3. | 9:15 | Усвојување на Записникот од претходниот (петтиот) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 05 ноември, 2009 година); | Претседател | Нацрт финален записник |
| 4. | 9:20 | Предлог за измена на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД; | Тело за управување со ИПАРД | Деловник за работа на Комитетот за следење на ИПАРД со предложени измени |
| 5. | 9:45 | Извештај на Телото за Управување со ИПАРД за реализација на Одлуките донесени на петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, (одржан на 05 ноември, 2009 година); | Тело за управување со ИПАРД | Извештај за напредокот во реализација на Одлуката на Комитетот за следење на ИПАРД донесена на петтиот Комитет за следење на ИПАРД, одржан на 5 ноември, 2009 година |
| 6. | 10:00 | Извештај за процесот на акредитација и пренос на правото за управување со ИПАРД фондовите на ИПАРД структурата од Европската Комисија; | Национален службеник за авторизација (НАО) | Извештај за реализираните активности во процесот на акредитација и пренос на право за управување со ИПАРД фондовите |
| | 11:00 | **Кафе пауза** | | |
| 7. | 11:30 | Информација за потпишувањето на Повеќегодишната спогодба за финансирање 2007-2010 година за ИПА компонента V – Рурален развој и информација за усвојување на МИПД 2010-2012; | Секретаријат за европски прашања (СЕП) | Информација |

Прилог 4 – Нацрт Дневен ред за 6-ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8.** | 11:45 | Координација со Комитетот за следење на ИПА, информација од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПА, одржан на 25 ноември, 2009 година и процесот на спроведување на одлуките кои се донесени на состанокот; | Секретаријат за европски прашања (СЕП) | Информација за одлуките донесени на вториот состанок на Комитетот за следење на ИПА |
| **9.** | 12:00 | Информација за напредокот во воспоставувањето на системот за следење и проценка на ИПАРД Програмата; | Тело за управување со ИПАРД | - извештај за напредокот во воспоставувањето на системот за следење - извештај за тековните активности во системот за проценка |
| **10.** | 12:15 | Извештај за резултатите постигнати од првиот реализиран оглас за искористување на помошта од ИПАРД средствата, објавен на 23 декември, 2009 година; | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој | Извештај за резултатите од првиот реализиран оглас за поднесување на апликации |
| | **13:00** | **Ручек** | | |
| **11.** | 13:30 | Презентација/ дискусија за предлози за трета модификација на ИПАРД Програмата и нивно одобрување на состанокот; | Тело за управување со ИПАРД | Презентација за трета модификација на ИПАРД Програмата |
| **12.** | 14:00 | Информација за процесот на подготовки за имплементација на мерката Техничка помош 505; Презентација и дискусија за Годишниот акционен план за активностите поврзани со Техничка помош за 2010 и негово одобрување на состанокот; | Претседател | |
| **13.** | 14:15 | Информација за напредокот во активностите поврзани со Планот за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата за 2009 година и презентација и усвојување на предложениот нацрт Акционен план на активности поврзани со Планот за Комуникација и публицитет за 2010 година; | Претседател | |

**Прилог 4 – Нацрт Дневен ред за 6-ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **14.** | 14:30 | Разно | | |
| | 14:30 | Презентација за напредокот на НПАА и ТАИЕХ активностите поврзани со ИПАРД Програмата, кои се превземени во 2010 година; | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | - презентација |
| | 14:45 | Презентација на активностите спроведени од страна на СИП Проектот за поддршка за подготовка на ИПАРД; | Проект за поддршка на подготовка на ИПАРД во Република Македонија | - презентација |
| | 15:00 | Презентација/ дискусија за проблемите околу достапноста на земјоделските кредити (можноста, крајните корисници да користат средства од земјоделските кредити за кофинансирање на проектите по ИПАРД); | Земјоделски кредитен дисконтен фонд, Министерство за финансии/ Европска Комисија | - презентација |
| **15.** | 15:15 | Предлог Дневен ред за следниот (седмиот) есенски состанок на Комитетот за следење на ИПАРД; усогласување на датумот за следниот состанок; | Претседател/ Европска Комисија | |

**Прилог 4 – Нацрт Дневен ред за 6-ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

## Дневен ред

## За шестиот Комитет за следење на ИПАРД

**Датум:** 28 мај, 2010
**Место:** Клуб на пратеници, Скопје

1. Почеток на состанокот и поздравен говор

2. Одобрување на предлог Дневниот ред за шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

3. Усвојување на Записникот од претходниот (петтиот) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 05 ноември, 2009 година);

4. Предлог за измена на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД

5. Извештај на Телото за Управување со ИПАРД за реализација на Одлуките донесени на петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, (одржан на 05 ноември, 2009 година)

6. Извештај за процесот на акредитација и пренос на правото за управување со ИПАРД фондовите на ИПАРД структурата од Европската Комисија

7. Извештај за резултатите постигнати од првиот реализиран оглас за искористување на помошта од ИПАРД средствата, објавен на 23 декември, 2009 година;

8. Презентација/ дискусија за предлози за трета модификација на ИПАРД Програмата и нивно одобрување на состанокот

9. Информација за потпишувањето на Повеќегодишната спогодба за финансирање 2007-2010 година за ИПА компонента V – Рурален развој и информација за усвојување на МИПД 2010-2012.

10. Координација со Комитетот за следење на ИПА, информација од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПА, одржан на 25 ноември, 2009 година и процесот на спроведување на одлуките кои се донесени на состанокот;

11. Информација за напредокот во воспоставувањето на системот за следење и проценка на ИПАРД Програмата;

12. Информација за процесот на подготовки за имплементација на мерката Техничка помош 505; Презентација и дискусија за Годишниот акционен план за

активностите поврзани со Техничка помош за 2010 и негово одобрување на состанокот;

13. Информација за напредокот во активностите поврзани со Планот за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата за 2009 година и презентација и усвојување на предложениот нацрт Акционен план на активности поврзани со Планот за Комуникација и публицитет за 2010 година;

14.Разно

14.1 Презентација за напредокот на НПАА и ТАИЕХ активности поврзани со ИПАРД Програмата кои се превземени во 2010 година

14.2 Презентација на напредокот на активности спроведени од страна на СИП Проектот за поддршка за подготовка на ИПАРД Програмата

14.3 Презентација/дискусија за проблемите околу достапност на земјоделските кредити(можноста, крајните корисници да користат средства од земјоделските кредити за кофинансирање на проектите по ИПАРД Програмата)

14.4 Презентација на мрежата за рурален развој

15. Предлог Дневен ред за следниот (седмиот) есенски состанок на Комитетот за следење на ИПАРД; усогласување на датумот за следниот состанок

16. Затварање на состанокот

**Анекс 1 – Финален Дневен ред за 6-ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**